# ГОДИШЕН ПЛАН

ГОДИШНА ПРОГРАМА НА УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА
ПРИ СУГС ГИМНАЗИЈА „ОРЦЕ НИКОЛОВ'' - СКОПЈЕ
УЧЕБНА 2023/2024 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 2
ПРВО ПОЛУГОДИЕ ..... 3
ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ ..... 3
Дефинирање на структурата на УЗО ..... 3
ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ ..... 3
Поттикнување на ученичкото учество ..... 3
ВТОРО ПОЛУГОДИЕ ..... 4
ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ..... 4
Имплементација и дигитализација ..... 4
ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ..... 4
Евалуација на годината ..... 4

# ВОВЕД

Годишниот план е инструмент кој ни овозможува да ги дефинираме активностите кои ќе ни помогнат да ги постигнеме нашите визии и цели. Овогодинешното раководство на УЗО го изготвува овој план според генералниот консензус дека новото време изискува одредени промени во функционирањето и структурата.

Главни цели во текот на учебна 2023/2024 година:

1. Иницијатива и повик за оформување на нови клубови и нивно вмрежување заедно со веќе постоечките со цел олеснета организација на настани и иницијативи, и воедно вклучување на секој еден поединец – ученик во нашето училиште.
2. Зголемување на информираноста на учениците за разни активности, проблеми и случувања во Орце.
3. Работлници и проекти на релевантни средношколски теми, поврзани со менталното и физичкото здравје на учениците, професорите и останиот кадар.

# ПРВО ПОЛУГОДИЕ

## ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ

**Дефинирање на структурата на УЗО**

- Склопување на годишна програма за учебна 2023/2024
- Состанување со директор и одговорен професор на УЗО за да се дефинира и одобри годишната програма
- Консултација со директор и одговорен професор за релевантни теми на кои УЗ ќе треба да им обрне особено внимание
- Креирање на „Орце Google Form’’ кој ќе има за цел да го слушне гласот на сите ученици во текот на целата година
- Презентирање на работата и структурата на УЗО на сите ученици

## ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ

**Поттикнување на ученичкото учество**

- Вмрежување на автономни клубови со цел олеснување на организацијата на настани и иницијативи - децентрализација на УЗ
- Презентирање на новата структура
- Отворен ден на клубовите со цел учениците да се запознаат со клупската работа
- Имплементација на ко-менаџмент тело
- Спроведување на активности за зачувување на училишниот инвентар

# ВТОРО ПОЛУГОДИЕ

## ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ

**Имплементација и дигитализација**

- Промена на веќе постоечкиот правилник за функционирањето на УЗО во соработка со ко-менаџмент телото
- Спроведување на работлници и активности поврзани со анкетите спроведени во првото полугодие
- Дигитализација на огласна табла
- Објавување на првото издание на „Орце печат''
- Реактивација на официјалната веб-страница на УЗО
- Приготовка за „најГЛАСни!''

## ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ

**Евалуација на годината**

- Промена на одредени кодекси за однесување во училиштето
- Отпочнување на процес за избор на ново раководство на УЗО за идната 2024/2025 година
- Период на примопредавање
- Приготвување на завршен извештај